РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 01-3632/1
22.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 7, член 12 став 6, член 13 став 3, член 18 став 1 алинеја 10, член 20 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 152 став 7 од истиот Закон, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-3580/2 од 21.08.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на осмата седница одржана на 21.8.2025 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА
# ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој деловник се уредува работењето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во натамошниот текст: Агенцијата).

Деловникот за работа на Агенцијата ги уредува: делокругот на работа, надлежноста, одговорноста за работа на Агенцијата, органите на Агенцијата, заштитниот знак, изработката и употребата на печати на Агенцијата, начинот и постапката за водење на седниците на Советот на Агенцијата (во понатамошниот текст: Советот), јавните состаноци, постапката за именување и разрешување на претседателот и заменик на претседателот на Советот, постапката за именување и разрешување на директор и заменикот на директорот на Агенцијата, постапката за донесување на подзаконските акти и другите акти кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: ЗАВМУ), начинот и постапката за доделување, одземање или продолжување на дозволата за телевизиско или радио емитување, заштитата на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи, следење на работата на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, давателите на услуги платформи за споделување видеа, физичките лица кои се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање – инфлуенсерите/влогерите и онлајн медиумите – интернет порталите; надзорот и мерките за повреда на прописите, начинот и постапката на водење на регистрите утврдени со ЗАВМУ и ЗМ и други одредби од значење за работењето на Агенцијата.

### Член 2

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања.

Република Северна Македонија е основач на Агенцијата.

Имотот и средствата за работа на Агенцијата ги користи и со нив управува Агенцијата.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

**Член 3**

Агенцијата има печат/штембил во тркалезна форма и приемен и излезен печат/штембил во правоаголна форма. Употребата на тркалезниот печат/штембил може да биде во физичка форма, а употребата на приемниот и излезниот печат/штембил може да биде во физичка или електронска форма, согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Печатот/штембилот на Агенцијата е во тркалезна форма. Во средината на печатот/штембилот е грбот на Република Северна Македонија, а околу него полукружно на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup“.

Излезниот печат/штембил на Агенцијата има правоаголна форма, на кој се наоѓа грбот на Република Северна Македонија и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup“, со место за дополнување на архивски број и датум на заверка на документот.

Примениот печат/штембил на Агенцијата има правоаголна форма, и на него на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо е напишано: „Република Северна Македонија – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele – Shkup“, со место за дополнување на датум на прием, организациона единица, број, прилог и вредност.

Печатот/штембилот, излезниот и приемниот печат/штембил се ставаат на актите кои ги донесува Советот на Агенцијата, како и на актите кои ги донесува директорот или заменик на директорот на Агенцијата, во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење. Со акт донесен од страна на директорот/заменик на директорот на Агенцијата, се уредува начинот на употреба на печатите/ штембилите и се определуваат лицата кои со нив ракуваат и ги чуваат.

**Член 4**

Агенцијата има сопствен заштитен знак (лого).

Заштитниот знак (логото) на Агенцијата и начинот на неговата употреба се утврдуваат со одлука на Советот на Агенцијата.

**Член 5**

Полното име на Агенцијата е "Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги„. Скратеното име на Агенцијата е: "АВМУ".

## II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА И НАДЛЕЖНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 6**

Агенцијата во својата работа се грижи за: развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, промовирање на слободата на изразување, развојот на независната продукција, поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Северна Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите помеѓу различните заедници, поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој, заштита на интересите на корисниците, особено на малолетните лица, развој на медиумската писменост, транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис, за транспарентно, независно, ефикасно и отчетно вршење на своите надлежности како регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, за техничко-технолошки развој на аудио и аудиовизуелните

медиумски услуги, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество, поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитување на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи и развој на економијата во Република Северна Македонија.

### Член 7

Агенцијата во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите,
- ја поттикнува слободата на изразување,
- се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- презема мерки во согласност со ЗАВМУ и Законот за медиуми (во понатамошниот текст: ЗМ), во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овие закони или на прописите донесени врз основа на нив и условите и обврските од дозволите,
- се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица,
- ги донесува актите кои произлегуваат од ЗАВМУ и ЗМ,
- се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, како и за оценување на мерките за заштита на тие интереси применети од услугите на платформите за споделување видеа,
- утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација,
- одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување,
- презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Северна Македонија согласно со членот 45 од ЗАВМУ,
- донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија,
- поттикнува медиумска писменост,
- врши надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од ЗАВМУ и член 29 од ЗМ,
- ги води регистрите утврдени со ЗАВМУ и ЗМ,
- спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и услугите платформи за споделување видеа и
- врши и други работи утврдени со овие закони.

### Член 8

Агенцијата во својата работа се грижи за постигнување на целите утврдени во член 2 од ЗАВМУ и е независна од друг државен орган или друго правно лице и треба да биде непристрасна кон нив.

Агенцијата ги извршува работите во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него, Законот за медиуми, Законот за општата управна постапка, доколку со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поинаку не е одредено, други закони и стратешки документи на Република Северна Македонија, како и меѓународните договори од областа на медиумите и аудиовизуелните медиумски услуги што ги склучила или на кои им пристапила Република Северна Македонија.

### Член 9

Работењето на Агенцијата се финансира од средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, од приходите од надоместоците предвидени со ЗАВМУ, како и од заеми и друга финансиска и техничка помош.

Агенцијата има сопствени банкарски сметки во комерцијалните банки во Република Северна Македонија.

Член 10

За остварување на своите права, должности и одговорности утврдени со закон, Агенцијата преку своите органи (директор и Советот на Агенцијата) донесува правилници, упатства, одлуки, решенија, заклучоци, програми, политики, методологија, како и утврдува ставови и предлози за спроведување на ЗАВМУ и ЗМ.

Со правилник се разработуваат одделни одредби од ЗАВМУ и ЗМ.

Со упатство се пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби од ЗАВМУ и ЗМ, подзаконските акти и останатите прописи донесени врз основа на овие закони.

Со одлука се одлучува за: распишување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување; доделување, одземање или продолжување на дозволата за телевизиско или радио емитување; дозволување односно забранување промена во сопственичката структура на радиодифузерот; поништување на одлуката со која е дозволено спроведувањето промена во сопственичката структура; поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност; утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација; прашања поврзани со идентификацијата и регистрацијата на услугите платформи за споделување видеа и за барањата што треба да ги исполнат (објавувањето импресум, нивните обврски, мерките за да се обезбеди почитувањето на обврските и прашања поврзани со решавањето на спорови); за утврдување на листа на настани (национални или меѓународни) од големо значење за јавноста на РСМ; за разрешување на директорот/заменик на директорот на Агенцијата; одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување ако се утврди дека нема слободни радиофреквенции или капацитети; одбивање на барањето за продолжување на дозволата ако радиодифузерот сторил сериозни прекршувања во текот на времетраењето на дозволата како и за останати прашања од нејзината надлежност;

Со решение се опоменуваат издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни услуги по барање, давател на услуга платформа за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи доколку е констатирано непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и ЗМ и подзаконските акти донесени врз основа на тие закони, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата; се решава за бришење од регистрите согласно со ЗАВМУ и ЗМ; за годишен надоместок за надзор за оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуга по барање и даватели на услуга платформа за споделување видеа, се регулираат останати прашања од надлежност на Агенцијата, за управни работи, како и прашања од областа на работните односи.

Со заклучок се констатираат заземените ставови по прашања што Советот на Агенцијата ги разгледувал на седница, се утврдуваат мислења по предлозите на подзаконски акти и останатите прописи од надлежност на Агенцијата, се одлучува за одделни прашања за внатрешната организација и односи во Агенцијата, се определуваат задачите на секторите и другите организациони единици во Агенцијата, се усвојува предлогот на директорот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, се усвојуваат предлозите на директорот/заменик на директорот за донесување одлуки од надлежност на Советот и се заземаат ставови за други прашања од надлежност на Агенцијата.

Со план и програма се утврдуваат одделни прашања од надлежност на Агенцијата за кои е потребно утврдување динамика и рокови. Програмата содржи и финансиски план за работа на Агенцијата.

Со наредба се наредува и забранува постапување во определена ситуација која има општо значење за извршување на законите и другите прописи, се наредува и забранува изнесување или издавање на документи од архивата на Агенцијата во одредени ситуации кога тоа е потребно, и слично.

Со методологија детално се опишува начинот, чекорите, техниките и принципите што ќе се користат за вршење на програмски надзор, како и за изведување на истражување, проект, анализа или друга систематска активност. Методологијата се користи за да се обезбеди јасна и доследна рамка за работа.

Со политика се дефинираат насоки, принципи и правила кои ќе служат како водич за донесување одлуки и за усогласување на активностите на Агенцијата со поставените цели.

## III. ОТЧЕТНОСТ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА

### Член 11

Агенцијата за својата работа дава отчет пред Собранието на Република Северна Македонија со доставување на извештај за својата работа.

Извештајот од ставот 1 на овој член, Агенцијата јавно го објавува на својата веб страница и истиот го доставува до Собранието на Република Северна Македонија на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година.

Извештајот за работа на Агенцијата содржи:

а) годишен извештај за работа на Агенцијата за претходната година и

б) годишна програма за работа на Агенцијата за наредната година.

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година од ставот (3) точка а) на овој член особено содржи:

- извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата, за претходната година, во кој треба да се прикаже реализацијата на годишниот план за програмски надзор,
- финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата и
- ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и став на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија.

Со годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член се утврдени задачите и целите кои Агенцијата треба да ги исполни наредната година, согласно со ЗАВМУ и ЗМ и истата особено содржи:

- програма на планирани активности и
- финансиски план за наредната година, кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за наредната година.

## IV.ОРГАНИ НА АГЕНЦИЈАТА

### Член 12

Органи на Агенцијата се: Совет и директор.

Советот е составен од седум члена.

### Член 13

Собранието на Република Северна Македонија ги именува членовите на Советот врз основа на претходно спроведен јавен конкурс и организирана јавна расправа за кандидати за членови на Советот.

Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен конкурс на кој можат да се пријават кандидати за членови на Советот, најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на член на Советот.

При утврдувањето на предлогот на кандидати за членови на Советот, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија води сметка за соодветна и правична родова и етничка застапеност на граѓаните на Република Македонија.

Претседателот на Советот е должен да го извести Собранието на Република Северна Македонија за истекот на мандатот на член на Советот не подоцна од шест месеци пред истекот на истиот.

Претседателот или членовите на Советот кои ги извршуваат овие функции може да бидат разрешени ако повеќе не ги исполнуваат условите потребни за извршување на функцијата. Постапката за разрешување е јавна.

**Член 14**

Членовите на Советот се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време.

Членовите на Советот се именуваат за период од пет години.

Членовите на Советот имаат право на уште еден последователен или непоследователен мандат, врз основа на истата постапка утврдена во членот 14 од ЗАВМУ.

## V. НАДЛЕЖНОСТИ НА СОВЕТОТ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 15**

Советот ги има следниве надлежности:

- донесува одлука за распишување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување,
- донесува одлука за доделување, одземање или продолжување на дозволата за телевизиско или радио емитување,
- донесува одлука со која се дозволува, односно забранува промена во сопственичката структура на радиодифузер,
- донесува одлука со која се поништува одлуката со која е дозволена промена во сопственичката структура на радиодифузер,
- донесува одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност,
- донесува одлука со која се утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација,
- одлучува за прашања поврзани со идентификацијата и регистрацијата на услугите платформи за споделување видеа и за барањата што треба да ги исполнат, како што се објавувањето импресум, нивните обврски, мерките за да се обезбеди почитувањето на обврските и прашања поврзани со решавањето на спорови,
- ги донесува подзаконските акти кои произлегуваат од ЗАВМУ и ЗМ,
- ги донесува општите акти за работа на Агенцијата,
- го донесува Деловникот за работа на Агенцијата,
- ја усвојува завршната сметка на Агенцијата,
- ги одобрува годишниот извештај за работа за претходната година и годишната програма за работа за наредната година на Агенцијата кои се составен дел на извештајот за работа на Агенцијата од членот 8 од ЗАВМУ,
- го донесува годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење на програмски надзор,
- одлучува за преземање мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Северна Македонија,
- донесува одлука за утврдување на листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија,

- донесува Кодекс за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата,

- ги избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на Агенцијата во согласност со ЗАВМУ и по постапка утврдена во овој Деловник за работа на Агенцијата,

- дава одобрување за донесување на одлуките на директорот на Агенцијата за располагање со имотот, како и за вработувањата и отпуштањата на вработените во стручната служба на Агенцијата,

- го следи спроведувањето на годишната програма за работа на Агенцијата преку кварталните извештаи доставени од директорот на Агенцијата,

- донесува одлуки за преземање мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на ЗАВМУ и ЗМ или на прописите донесени врз основа на истиот и условите и обврските од дозволите,

- донесува одлуки за преземање на мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Северна Македонија,

- разгледува и зазема став по приговори на вработените во Агенцијата во однос на одлуките на директорот/заменик директорот со кои се одлучува за правата на работникот и

- врши и други работи утврдени со ЗАВМУ и ЗМ.

**Член 16**

Советот дава одобрување за Планот за јавни набавки на Агенцијата и за неговите измени и дополнувања, го одобрува финансискиот план за наредната година (кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за наредната година), одобрува ребаланс на Годишниот финансиски план, дава одобрување за донесување на одлуки на директорот на Агенцијата за спроведување на постапките за јавни набавки, за кофинансирање на проектите од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (ИПА) и слично.

За финансиските трошоци поврзани со тековното работење на Агенцијата како режиски трошоци, претплати за дневен печат/електронски публикации и слично одлучува Директорот на Агенцијата, без претходно одобрение на Советот. За финасиските трошоци поврзани со службени патувања, средства за репрезентација, членарини во меѓународни организации, платени обуки на вработените одлучува Директорот на Агенцијата и за истото го известува претседателот на Советот на Агенцијата.

## VI. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ВОДЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ НА АГЕНЦИЈАТА, ЈАВНИ СОСТАНОЦИ

### VI.1 *Седници на Советот*

**Член 17**

За работите од својата надлежност утврдена со ЗАВМУ, Советот работи и одлучува на седници.

Советот е должен да одржи најмалку една седница во месецот.

Советот работи со кворум од најмалку пет члена, а одлуките и другите акти ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Советот за надлежноста од член 18 алинеја 15 од ЗАВМУ одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број членови на Совет кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Одлуките и другите акти на Советот ги потпишува претседателот на Советот, или во случај на негова спреченост, заменикот на претседателот на Советот, најдоцна во рок од три дена од денот на нивното донесување.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Советот и на заменикот на претседателот на Советот, членовите на Советот овластуваат еден од членовите на Советот да ги потпишува одлуките и актите од став 4 на овој член.

**Член 18**

Ако член на Советот смета дека има директен или индиректен приватен интерес во врска со донесувањето на одлуки од надлежност на Советот, членот на Советот е должен за тоа да го извести Советот.

Во случајот од став 1 на овој член, Советот постапува во согласност со Законот за спречување на судир на интереси.

**Член 19**

Седниците се одржуваат со физичко присутво на членовите на Советот на Агенцијата.

Опционално, седниците можат да се одржат и со примена на средства за електронска комуникација кои обезбедуваат едновремена двонасочна комуникација преку видео конференциска платформа или комбинирана седница (дел од членовите со физичко присуство, а дел преку платформа).

**Член 20**

Седниците на Советот на Агенцијата, со физичко присуство се одржуваат, по правило, во просториите на Агенцијата.

Седниците на Советот на Агенцијата, кога не постои можност за одржување на седница со физичко присуство се одржуваат преку користење платформа за едновремена двонасочна комуникација преку видеоконференциска платформа. Кога седниците на Советот на Агенцијата се одржуваат преку видеоконференциска платформа, со поканата за седницата се испраќа и линкот за приклучување на седницата.

Комбинираната седница е седница каде што еден дел од членовите се присутни со физичко присуство, а еден дел од членовите учествуваат со работата на седницата преку платформа за едновремена двонасочна комуникација.

**Член 21**

Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива, а во случај на негово отсуство или спреченост по иницијатива на заменикот на претседателот на Советот, односно овластениот член на Советот.

Претседателот на Советот е должен да свика седница на Советот по писмен предлог на три члена на Советот, или по писмен предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на предлогот.

Претседателот на Советот ја свикува седницата со покана доставена до членовите на Советот по пат на електронска пошта (E-mail).

Поканата од ставот 3 на овој член го содржи местото и времето на одржувањето на седницата, со прилог предлог на дневниот ред.

Поканата се упатува најдоцна еден ден пред денот на одржувањето на седницата, а по исклучок и пократко во зависност од итноста за одлучување по одредено прашање.

По исклучок, кога тоа го бараат посебни околности, претседателот може да ја свика седницата на Советот по телефон.

Членовите на Советот кои нема да бидат во можност да присуствуваат на закажаната седница, за своето отсуство треба да го известат претседателот на Советот, по пат на електронска пошта или по телефон.

**Член 22**

Претседателот на Советот претседава на седниците на Советот и го претставува Советот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Советот, обврските од став 1 на овој член ги извршува заменикот на претседателот на Советот, односно овластениот член на Советот.

**Член 23**

На седниците на Советот присуствува и директорот на Агенцијата, без право на глас, а можат да присуствуваат и други лица вработени во стручната служба на Агенцијата, како и други надворешни лица.

Медиумското следење на седниците на Советот не е дозволено во случаи кога се изнесуваат информации со ознака „за ограничена употреба".

Новинарите кои професионално ја следат работата на Советот и другите (надворешни) лица кои се заинтересирани да ја следат седницата, го пријавуваат своето присуство во Агенцијата пред нејзиниот почеток.

**Член 24**

Дневниот ред на седницата на Советот се утврдува на почетокот на седницата на предлог на претседателот на Советот, а во случај на негово отсуство или спреченост заменикот на претседателот на Советот, односно овластениот член на Советот.

Секој член на Советот, на почетокот на седницата, може да предложи додавање на нова точка на дневен ред.

По утврдувањето на дневниот ред на седницата, Советот пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница, така што секој член на Советот, директорот и лица вработени во стручната служба на Агенцијата кои присуствувале на седницата, имаат право да дадат забелешки на записникот.

Доколку дадените забелешки се прифатат од страна на останатите членови на Советот, тие се вградуваат во записникот и тој се смета за усвоен заедно со дадените и прифатени забелешки.

Секој член на Советот има право да побара во записникот да се внесе неговото издвоено мислење.

Записникот што Советот ќе го усвои на седницата, го потпишуваат претседателот на Советот и лицето кое го водело записникот.

Во случај на отсуство на претседателот на Советот, записникот од став 4 од овој член го потпишува заменикот на претседателот на Советот, односно овластениот член на Советот.

**Член 25**

Записникот кој се води на седницата на Советот содржи:

- реден број на седницата;
- датум, време и место на одржувањето на седницата;
- евиденција на присутните членови на Советот и другите лица (вработени во стручната служба и надворешни лица) на седницата;
- евиденција на отсутни членови на Советот и назначување на причината за нивно отсуство;
- изјаснувањето и гласањето на членовите на Советот по поединечните точки од утврдениот дневен ред;
- сите одлуки и заклучоци кои се донесени односно усвоени по поединечните точки од дневниот ред.

**Член 26**

На седницата на Советот се врши аудио и видео снимање.

По седницата на Советот се изработува хроника.

**Член 27**

Агенцијата на својата веб страница го објавува дневниот ред од седниците на Советот, најдоцна еден ден пред денот на нивното одржување.

Усвоените записници од седниците на Советот со изјаснувањето и гласањето на членовите на Советот, хрониките од седниците, како и донесените одлуки и другите акти, Агенцијата ги објавува на својата веб страница, во рок од седум дена од денот на одржувањето на седницата.

**Член 28**

Изготвените материјали за седниците на Советот, стручната служба на Агенцијата ги доставува до претседателот на Советот на Агенцијата, заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата и членовите на Советот на Агенцијата.

Материјалите од став 1 на овој член, се доставуваат преку електронска пошта (e-mail), најдоцна еден ден пред денот на одржувањето на седницата на Советот.

Во случај на неможност за доставување на материјалите од ставовите 1 на овој член по електронски пат, тие се доставуваат во печатена (хартиена) форма.

### *VI.2 Јавни состаноци*

**Член 29**

Работите од својата надлежност Агенцијата ги врши транспарентно, овозможувајќи им на сите заинтересирани страни увид во нејзиното работење.

**Член 30**

Агенцијата е должна најмалку еднаш на три месеци во текот на годината да организира јавни состаноци со цел да им овозможи на сите заинтересирани страни, да ги изразат нивните ставови и мислења по однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во Република Северна Македонија, а особено за состојбите на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Република Северна Македонија и реализација на активностите и исполнување на целите од годишната програма за работа на Агенцијата

Добиените ставови и мислења од ставот 1 на овој член, како и ставот на Агенцијата по однос на истите во рок од седум дена од денот на одржувањето на јавниот состанок се објавуваат на веб страницата на Агенцијата.

## VII. ИМЕНУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 31**

Конститутивната седница на која се избира претседател и заменик на претседателот на Советот ја закажува претседателот, односно заменикот на претседателот на Советот од претходниот состав.

Претседателот, односно заменикот на претседателот на Советот од претходниот состав претседава со конститутивната седница до изборот на претседател на Советот на Агенцијата.

Доколку претседателот, односно заменикот на претседателот на Советот од претходниот состав не закаже конститутивна седница во рок од 15 дена од денот на стапување на сила на Одлуката за именување на членови на Советот на Агенцијата, истата се закажува по предлог на најмалку 4 именувани членови.

Во случајот од став 3 на овој член, со конститутивната седница претседава членот којшто го предложило мнозинството именувани членови на Советот.

**Член 32**

Советот од редот на своите членови избира и разрешува претседател и заменик на претседателот.

Секој член на Советот може да предложи кандидат за претседател на Советот.

Предлогот за кандидатот за претседател на Советот се поднесува на седница на Советот, усно или писмено.

Предлогот за кандидат за претседател на Советот содржи име и презиме на кандидатот, образложение, како и името и презимето на членот на Советот кој го поднел предлогот.

Редоследот на кандидатите за претседател на Советот се утврдува според азбучниот ред на нивните презимиња.

**Член 33**

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање.

Изборот за претседател на Советот може да се врши и со тајно гласање, ако така одлучи Советот. Предлог за тајно гласање може да даде секој член на Советот. Ако изборот се врши со тајно гласање, постапката ја спроведува комисија составена од тројца членови (претседавачот на конститутивната седница и двајца членови на Советот).

**Член 34**

Гласањето за кандидатите за претседател се врши според утврдениот редослед.

Секој член на Советот гласа само за еден од предложените кандидати.

**Член 35**

За претседател на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако на првото гласање ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство гласови, постапката за избор на претседател на Советот се повторува се до неговиот избор.

Ако за претседател се предложени тројца или повеќе кандидати, гласањето се повторува за двајцата кандидати кои добиле најголем број гласови на првото гласање.

Доколку меѓу кандидатите со најголем број гласови има кандидати со ист број гласови, гласањето се повторува за сите кандидати со најголем број гласови.

Ако и на повтореното гласање ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство гласови, постапката за избор на претседател на Советот се повторува.

**Член 36**

По изборот на претседател на Советот, претседателот продолжува да претседава со конститутивната седница, по што се пристапува кон избор на заменик на претседателот на Советот.

Одредбите од овој Деловник кои се однесуваат на изборот на претседател на Советот се применуваат и за избор на заменик на претседателот на Советот.

**Член 37**

Претседателот на Советот може да биде разрешен на седница на Советот, во следните случаи:

- на негово барање,
- со прифаќање на функции или работа што се неспоиви со функцијата член на Советот согласно со овој закон,
- ако е правосилно осуден за кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за

вршење професија, дејност или должност во траење подолго од шест месеци,

- ако не е во можност да ја извршува должноста повеќе од шест месеци во континуитет,

- настапила некоја од пречките за членство во Советот предвидени во членот 16 од ЗАВМУ,

- неоправдано отсуствува од три последователни седници на Советот или од пет седници во текот на една година согласно Деловникот за работа на Агенцијата

- ако се утврди дека членот на Советот во постапката за негово именување дал невистини податоци или пропуштил да изнесе некои информации кои се важни за неговото именување,

- доколку несовесно ја извршува функцијата на претседател на Советот, односно доколку не постапува во согласност со одредбите од Деловникот за работа на Агенцијата.

Предлог за разрешување на претседателот на Советот може да даде секој член на Советот.

Претседателот на Советот се разрешува со одлука донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се применуваат и за разрешување на заменикот на претседателот на Советот.

## VIII. ИМЕНУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА И ЗАМЕНИКОТ НА ДИРЕКТОРОТ

### Член 38

Советот избира директор на Агенцијата и заменик на директорот на Агенцијата (во понатамошниот текст: директор) по пат на јавен конкурс.

За да биде избран за директор на Агенцијата / заменик на директорот на Агенцијата, кандидатот мора да има завршено високо образование и работно искуство од најмалку осум години во областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото, како и искуство во раководење со организација од најмалку четири години.

Кандидатот за Директор на Агенцијата / заменик на директорот на Агенцијата, потребно е да не бил член во органи и тела на политичка партија и да не бил избрано или именувано лице, функционер кој раководи со орган на државна управа, министерство и раководен орган на јавно претпријатие и акционерско друштво, основани од државата во период од 10 години, засметано station наназад од годината во којашто ја поднесува кандидатурата.

Советот е должен да го избере директорот на Агенцијата/ заменик на директорот на Агенцијата не подоцна од 30 дена пред истекот на мандатот на неговиот претходник.

### Член 39

Директорот на Агенцијата / заменикот на директорот на Агенцијата, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во права линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата.

### Член 40

Директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време.

Мандатот на директорот на Агенцијата / заменикот на директорот на Агенцијата, е пет години, со право на уште еден мандат.

Ако мандатот на директорот е завршен, а постапката за избор на директор не е завршена, директорот продолжува да ја врши функцијата се додека не се изврши избор на директор, но не подолго од шест месеци.

**Член 41**

Директорот ја организира и раководи со работата на Агенцијата, одговорен е за законитото работење на Агенцијата и ги има следниве надлежности:

- ја застапува и претставува Агенцијата,
- потпишува договори во име на Агенцијата,
- ги предлага општите акти за работа на Агенцијата,
- го предлага Деловникот за работа на Агенцијата, годишниот извештај за работа и годишната програма за работа на Агенцијата кои се составен дел на извештајот за работа на Агенцијата од член 8 од ЗАВМУ,
- го предлага годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење на програмски надзор,
- донесува решенија за прашања од надлежност на Агенцијата,
- издава потврди за регистрација утврдени со ЗАВМУ,
- ги предлага одлуките од надлежност на Советот,
- ги предлага подзаконските акти што се од надлежност на Советот,
- предлага листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија,
- дава овластувања на други лица во рамките на своите надлежности,
- одлучува за вработувања и распоредување на вработените во стручната служба на Агенцијата,
- врши и други работи утврдени со ЗАВМУ, ЗМ и овој Деловник.

Директорот е должен на Советот да му доставува квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Агенцијата, како и квартални извештаи за преземените мерки во согласност со ЗАВМУ во случај кога е извршена повреда на одредбите на ЗАВМУ, ЗМ или на прописите донесени врз основа на нив и условите и обврските од дозволите и кои содржат извештаи за меѓународните активности на Агенцијата и планираните активности во наредниот период.

Директорот има право да дава овластувања на други лица вработени во Агенцијата, во рамките на неговите надлежности и одговорности во раководењето, во случај кога тој е отсутен, отсутен е и заменикот на директорот на Агенцијата или поради други причини не е во можност да ја врши својата функција, во сите негови надлежности утврдени во член 20 став 1 и 2 од ЗАВМУ.

**Член 42**

Заменикот на директорот на Агенцијата го заменува директорот на Агенцијата во случај кога тој е отсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција, во сите негови надлежности и одговорности во раководењето.

Во соработка со директорот на Агенцијата, заменикот на директорот врши работи од надлежност на директорот на Агенцијата, што тој ќе му ги довери.

**Член 43**

Во случај на потреба од вработувања во стручната служба на Агенцијата, директорот поднесува предлог до Советот за одобрување на неговата одлука за распишување оглас за засновање работен однос, за спроведување на постапката за вработување во стручната служба и за членови на Комисијата за евалуација на доставени пријави на кандидатите по објавен јавен оглас за вработување во стручната служба на Агенцијата/нивни заменици.

По добиеното одобрување, директорот донесува одлука за распишување оглас за засновање на работен однос и одлучува за изборот на кандидатот кој ќе заснова работен однос.

Директорот на Агенцијата одлучува за распоредувањата на вработените во Стручната служба на Агенцијата.

Директорот на Агенцијата два пати годишно, по евалуација на работењето на вработените во Стручната служба на Агенцијата, го информира Советот на Агенцијата

за извршените распоредувања на вработените во Стручната служба на Агенцијата од едно на друго работно место.

Во случај кога вработен во стручната служба на Агенцијата поднел барање за откажување на договорот за вработување, директорот за тоа го известува Советот, којшто само го констатира откажувањето на договорот.

Советот дава одобрување на предлогот на директорот за отпуштања на вработените во стручната служба на Агенцијата. Одлуката за престанок на работниот однос по овој основ ја донесува Советот.

**Член 44**

Директорот на Агенцијата/заменикот на директрот на Агенцијата може да биде разрешен од Советот само во следниве случаи:

а) на негово барање;

б) во случај на спреченост за вршење на функцијата поради болест подолго од шест месеци;

в) прифаќање на функција или работа што се неспоиви со неговата функција на директор;

г) ако е осуден за кривично дело за кое му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност, во траење подолго од шест месеци;

д) повреда на одредбите на ЗАВМУ или прописите донесени врз основа на овој Закон што може да се утврди од извештајот за работа на Агенцијата или

ѓ) злоупотреба на функцијата според ревизорскиот извештај од член 8 од ЗАВМУ.

**Член 45**

Одлуката за разрешување на директорот / заменикот на директорот, покрај другото треба да ги содржи причините за негово разрешување, детално образложени и истата се објавува на веб страницата на Агенцијата во рок од седум дена од денот на нејзиното донесување

Ако директорот е разрешен, а постапката за избор на директор не е завршена, функцијата директор ќе ја врши заменикот на директорот на Агенцијата, за период не подолг од три месеци.

**Член 46**

Одлуката за разрешување на директорот/заменикот на директорот е конечна, а против истата може да се поднесе тужба до надлежниот суд, согласно со закон.

На директорот/ заменикот на директорот против кого е во тек постапка за разрешување им се овозможува одбрана пред Советот.

## IX.ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ И ДРУГИТЕ АКТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Член 47**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесува подзаконски акти и други акти кои произлегуваат согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми на предлог на директорот.

Постапката за донесување на подзаконските и другите акти од став 1 на овој член, може да се состои од две фази: нацрт и предлог.

**Член 48**

Подзаконските акти и другите акти од надлежност на Агенцијата, ги предлага директорот на Агенцијата и ги доставува за разгледување и усвојување на седница на Советот на Агенцијата.

Советот на седница, по претходно разгледување и давање мислења и забелешки, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, ги усвојува подзаконските и другите акти од надлежност на Агенцијата и истите ги објавува на својата веб страница во согласност со член 27 став 2 од овој Деловник.

**Член 49**

Агенцијата пред да донесе или измени подзаконски акт од своја надлежност, како и пред да ја донесе годишната програма за работа за наредната година, на својата веб страница јавно ќе го објави предложениот подзаконски акт, односно предложената годишна програма за работа за наредната година со цел да обезбеди јавна расправа, односно да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на предложениот подзаконски акт или предложената годишна програма за работа за наредната година.

Рокот на траењето на јавната расправа во врска со донесувањето или измена на подзаконски акт од надлежност на Агенцијата, како и за донесување на годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година, не смее да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето на актите на веб страната на Агенцијата.

По истекот на рокот од ставот 2 на овој член, а пред донесувањето на подзаконскиот акт, Агенцијата има обврска јавно да ги објави на својата веб страница добиените мислења и коментари, како и ставот на Агенцијата по однос на истите.

**Член 50**

Заради обезбедување јавна расправа и овозможување на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови, Агенцијата може да одлучи, на својата веб страница да ги објави предложените измени и дополнувања и на другите акти, за чије донесување и измена Агенцијата е надлежна.

Рокот на траењето на јавната расправа од ставот 1 на овој член Агенцијата го определува во зависност од видот и карактерот на актот односно сложеноста на материјата која се уредува со актот.

**Член 51**

По истекот на рокот за јавна расправа и добивањето мислења, гледишта и ставови, се подготвува Предлог – текст на подзаконските акти односно другите акти за чие донесување е надлежна Агенцијата, кои директорот на Агенцијата ги доставува до Советот на Агенцијата за усвојување.

Од моментот на завршувањето на јавната расправа до одржувањето на седницата не треба да поминат помалку од 3 дена.

Советот на седница го усвојува предложениот подзаконски акт односно друг акт од надлежност на Агенцијата и истиот го објавува на својата веб страница согласно член 27 став 2 од овој Деловник.

## X. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ, ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТ, ОДЗЕМАЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ

### *X.1 Доделување дозвола за телевизиско или радио емитување*

**Член 52**

Дозволата за телевизиско или радио емитување ја доделува Агенцијата за одредено ниво на гледаност или слушаност (државно, регионално или локално), а имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата.

Дозволата за телевизиско или радио емитување на трговските радиодифузни друштва и на непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од девет години со можност за продолжување на истата.

За дозволата за телевизиско или радио емитување радиодифузерите со исклучок на јавниот радиодифузен сервис, плаќаат годишен надоместок на сметка на Агенцијата согласно со ЗАВМУ.

**Член 53**

За програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, дозволата за радио емитување ја доделува Агенцијата по пат на јавен конкурс.

За програмскиот сервис на терестријална телевизија доколку се емитува преку ограничен ресурс може да се емитува само преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс за кој дозволата за телевизиско емитување ја доделува Агенцијата по пат на јавен конкурс.

За програмскиот сервис на радио или телевизија што се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, Агенцијата без јавен конкурс доделува дозвола за телевизиско или радио емитување.

**Член 54**

Постапката за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е транспарентна и се води на начин што обезбедува еднаков, рамноправен и недискриминаторски третман на сите учесници во постапката.

Начинот и постапката на издавање на дозвола за телевизиско или радио емитување се пропишани во глава V.3.2. од ЗАВМУ.

### *X.2. Престанок на важност на дозвола по сила на закон*

**Член 55**

Дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон во следниве случаи:

- со истекот на рокот за кој е доделена,
- со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма,
- ако имателот на дозволата престанал да постои,
- со одземање на дозволата од страна на Агенцијата,
- ако настапи стечај на имателот на дозволата или
- ако настапи ликвидација на имателот на дозволата.

За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон, Советот не носи одлука, освен во случаите кога дозволата за телевизиско или радио емитување престанува со одземање на дозволата од страна на Советот на Агенцијата.

Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со ставот 1 на овој член.

### *X.3. Одземање дозвола за телевизиско или радио емитување*

**Член 56**

Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери во следниве случаи, по претходно доставено писмено известување доколку:

- имателот на дозволата не започне со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата,

- имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини,

- имателот на дозволата подолго од 30 дена од денот на започнување со вршење на дејноста, утврден во дозволата, не ги исполнил техничките, просторните, финансиските и кадровските услови што ги понудил во постапката на доделување на дозволата, а врз основа на извршен стручен надзор согласно со членот 30 од ЗАВМУ,

- имателот на дозволата дал неточни податоци кои биле важни за донесување на одлуката за доделување на дозволата,

- по издавањето на дозволата ќе настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста;

- имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок,

- не се отстрани недозволена медиумска концентрација согласно со ЗАВМУ,

- на радиодифузерот со правосилна судска одлука му е забрането вршење на дејност.

**Член 57**

Советот покренува постапка за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување по предлог на директорот на Агенцијата.

Предлогот од ставот (1) на овој член се доставува до сите членови на Советот во писмена форма со детално образложение за причините за одземање на дозволата, а согласно со случаите од членот 82 од ЗАВМУ.

Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот од ставот (1) на овој член да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Доколку Советот донесе одлука за одземање на дозволата истата мора да биде образложена и објавена во "Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Член 58**

Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

Постапката пред надлежниот суд е итна.

### *X.4. Продолжување дозвола за телевизиско или радио емитување*

**Член 59**

Дозволата за телевизиско или радио емитување може да се продолжи на барање на носителот за време од девет години. Барањето се доставува до Агенцијата во рок не подолг од шест месеци пред истекот на важноста на дозволата.

Дозволата за вршење на радиодифузна дејност не може да се пренесува на друго лице.

Советот на Агенцијата задолжително донесува одлука во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето со која се продолжува дозволата, доколку радиодифузерот не сторил прекршувања согласно со ставот (4) на овој член.

Советот на Агенцијата донесува одлука за одбивање на барањето за продолжување на дозволата ако радиодифузерот сторил сериозни прекршувања во текот на времетраењето на дозволата и тоа:

- најмалку трипати во текот на времетраењето на дозволата сторил непочитување на посебните забрани од членот 48 од ЗАВМУ, за што има правосилни судски пресуди или

- во текот на времетраењето на дозволата, во најмалку еден изборен циклус медиумското покривање не било направено на правичен, избалансиран и непристрасен начин, за што има правосилни судски пресуди.

Против одлуката на Советот со која се одбива барањето за продолжување на дозволата, имателот има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истата. Постапката пред надлежниот суд е итна.

## XI. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И РАЗНОВИДНОСТА НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

### *XI.1 Промена на сопственичката структура на радиодифузерот*

**Член 60**

Пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата.

Радиодифузерот не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата, односно пред правосилното завршување на управниот спор од член 41 став 9 на ЗАВМУ.

Агенцијата е должна во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на известувањето од ставот 1 на овој член, да испита дали со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација, во смисла на ЗАВМУ, односно да испита дали предложените промени на сопственичката структура се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ. Притоа, Агенцијата е должна да соработува и разменува информации со државни органи и тела согласно со ЗАВМУ.

Агенцијата може од оправдани причини да го продолжи рокот од ставот 3 на овој член, само еднаш, но не повеќе од 30 (триесет) дена за што писмено ќе го информира радиодифузерот во рок не помал од три дена пред истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

**Член 61**

Доколку во роковите од член 60 на овој Деловник се утврди дека со предложените промени на сопственичката структура не би се создала недозволена медиумска концентрација, во смисла на ЗАВМУ, односно дека истите не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, Агенцијата во роковите од член 60 на овој Деловник ќе донесе одлука со која ќе го дозволи спроведувањето на промената во сопственичката структура.

Доколку Агенцијата не донесе одлука во роковите од член 60 на овој Деловник, се смета дека спроведувањето на промената во сопственичката структура е одобрена.

**Член 62**

Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување на промена во сопственичката структура ако таа одлука е донесена врз основа на неточни и/или нецелосни податоци за кои е одговорен радиодифузерот или истите се добиени по пат на измама, а имале одлучувачко влијание врз донесување на одлуката.

Одлуката од став 1 на овој член од Деловникот Агенцијата ја донесува во согласност со член 42 од ЗАВМУ.

Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување на промена во сопственичката структура, доколку радиодифузерот не ја спроведе промената на сопственичката структура во Централниот регистар во рок од 90 дена од денот на донесувањето на одлуката на Агенцијата.

Доколку радиодифузерот не постапи во согласност со одлуката од став 1 на овој член, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување на начин и по постапка утврдени со ЗАВМУ.

### *XI.2 Утврдување на недозволена медиумска концентрација*

**Член 63**

Постоењето на недозволена медиумска концентрација согласно со ЗАВМУ и постоењето на повреда на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот закон ги утврдува Агенцијата.

Во постапката за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација и на постоење на повреда на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со ЗАВМУ поинаку не е определено.

**Член 64**

Доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, односно за постоење на повреда на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање.

При испитување на сознанијата од ставот 1 на овој член Агенцијата ќе побара од радиодифузерот, во рок кој не може да биде пократок од 15 (петнаесет) дена и не подолг од 45 (четириесет и пет) дена, да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

Доколку при испитување на сознанијата од ставот 1 на овој член Агенцијата со одлука ќе утврди постоење на недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ и ќе му се наложи на радиодифузерот во рок кој неможе да биде пократок од 30 (триесет) дена и не подолг од 90 (деведесет) дена да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од истиот закон.

Доколку радиодифузерот не постапи во согласност со одлуката од став 3 на овој член Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување на начин и по постапка утврдени со ЗАВМУ.

**Член 65**

Утврдувањето на недозволена медиумска концентрација, промената на сопственичката структура на радиодифузерите, поништувањето на одлука со која се дозволува спроведување на промена во сопственичката структура, поведување на постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност се врши во согласност со одредбите од глава IV на ЗАВМУ.

## XII. РЕЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ ПРЕКУ ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

**Член 66**

Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа пред да започне со реемитување на програмски сервиси во Агенцијата доставува пријава за негово евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и регистрација на програмските сервиси кои ќе ги реемитува како целина во вид на програмски пакет.

**Член 67**

Агенцијата со подзаконски акт ги пропишува содржината и формата на пријавата и потврдата за регистрација.

Образецот на пријавата се објавува на веб страницата на Агенцијата.

Со пријавата одговорното лице на операторот доставува: изјава со која потврдува под целосна кривична и материјална одговорност дека за реемитување на програмските сервиси од член 141 став 2 алинеја 3 од ЗАВМУ го има уредено авторското право и сродните права, согласно со прописите за авторското право и сродните права и копија заверена на нотар од договорите за реемитување на програмските сервиси од членот 143 став 2 од ЗАВМУ со кои се уредуваат авторското право и сродните права, согласно со прписите за авторското право и сродните права.

**Член 68**

За промена на податоците содржани во пријавата, операторот е должен да ја извести Агенцијата во рок од 30 (триесет) дена по настанатата промена.

Доколку се врши промена во програмскиот пакет, по сопствена иницијатива или врз основа на правосилна судска одлука, операторот е должен да достави и нова изјава и копија заверена на нотар од нов договор за реемитување на програмските сервиси (член 67 став 3 на овој Деловник).

Агенцијата е должна во рок од три работни дена од денот на приемот на известувањето за промена на програмскиот пакет за истото да ја извести Агенцијата за елекронски комуникации.

**Член 69**

Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со ЗАВМУ утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со членот 141 од ЗАВМУ, Агенцијата во рок од 7 (седум) дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе го опомене операторот и ќе му наложи веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

За донесеното решение Агенцијата ја известува Агенцијата за електронски комуникации и имателот на авторските и сродните права.

Решението за исклучување на програмскиот сервис со детално образложение, се објавува на веб страницата на Агенцијата во рок од 3 (три) дена од денот на неговото донесување.

**Член 70**

Оператор кој реемитува програмски сервиси плаќа годишен надоместок за надзор кој го врши Агенцијата.

Годишниот надоместок од ставот 1 на овој член изнесува 0,5% од вкупниот годишен приход на операторот кој реемитува програмски сервиси, остварен со реемитувањето на програмски сервиси во текот на претходната календарска година, или пократок дел од годината кога операторот кој реемитува програмски сервиси почнал да ја обезбедува услугата.

Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход остварен со реемитувањето програмски сервиси во текот на претходната календарска година.

Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен најдоцна до 15 април во тековната година на сметка на Агенцијата да го плати годишниот надоместок за надзор врз основа на претходно доставениот извештај за износот на вкупниот приход од став 3 на овој член , а по претходно доставено решение и фактура од страна на Агенцијата.

**Член 71**

Реемитувањето на програмските сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи, постапката за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и регистрација на програмските сервиси кои операторите ги реемитуваат како целина во вид на програмски пакет, надоместокот за надзор, како и

обврските на операторот кој реемитува програмски сервиси, се пропишани во глава VIII од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## XIII. ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### Член 72

Давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга е физичко или правно лице кое врши дејност на обезбедување на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга и има уредничка одговорност за изборот на аудио или аудиовизуелната содржина и го определува начинот на кои тие се организирани. Давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга, во смисла на ЗАВМУ, е радиодифузер или даватаел на аудиовизуелна медиумска услуга по барање. Лице кое врши само пренос, односно дистрибуција на аудио и/или аудиовизуелни програми за кои уредничката одговорност ја имаат трети лица, не се смета за давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга.

### Член 73

Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е должен пред да започне со обезбедување на одреден вид аудиовизуелна медиумска услуга по барање да достави пријава за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кој се води во Агенцијата, за што Агенцијата издава потврда за регистрација.

Доколку пријавата од ставот 1 на овој член не е целосна, Агенцијата писмено го известува подносителот на пријавата истата да ја дополни и да ја достави во рок од 10 дена од денот на приемот на известувањето.

Агенцијата е должна потврдата од ставот 1 на овој член да ја издаде во рок од пет работни дена од денот на приемот на пријавата, односно од денот на истекот на дополнителниот рок од став 2 на овој член, доколку пријавата ги содржи сите потребни податоци.

Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е должен да ја извести Агенцијата за секоја промена на податоците наведени во пријавата во рок од 30 дена од денот на настанатата промена. Агенцијата е должна да ја внесе промената на податоците во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, во рок од три дена од денот на приемот на известувањето.

### Член 74

Агенцијата ќе го избрише давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање од регистарот, доколку:

- давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во писмена форма ја извести Агенцијата дека престанал да ја врши дејноста,
- давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање престане да ја извршува дејноста во период подолг од една година,
- давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање повеќе не ги исполнува техничките услови за пренос на аудиовизуелни програми,
- давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање не започне да ја врши дејноста во рок од три месеци од датумот за започнување на обезбедување на услугата наведен во пријавата од членот 73 став (2) од овој Деловник,
- на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање со правосилна судска одлука му е забрането вршење на дејност и
- давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање престанал да постои.

### Член 75

Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање плаќа годишен надоместок за надзор кој го врши Агенцијата.

Годишниот надоместок од ставот 1 на овој член изнесува 0,5% од вкупниот годишен приход на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, остварен

со обезбедувањето на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во текот на претходната календарска година, или пократок дел од годината кога давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање почнал да ја обезбедува услугата.

Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е должен најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход остварен со обезбедувањето на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во текот на претходната календарска година.

Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е должен најдоцна до 15 април во тековната година на сметка на Агенцијата да го плати годишниот надоместок за надзор врз основа на претходно доставениот извештај за износот на вкупниот приход од став 3 на овој член, а по претходно доставено решение и фактура од страна на Агенцијата.

## XIV. ПЛАТФОРМИ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ ВИДЕА

### Член 76

Услуга платформа за споделување видеа е услуга на информацискoто општество, којашто е наменета за општата јавност и се обезбедува преку електронска комуникациска мрежа, чија примарна цел и/или основна функционалност во целост и/или на нејзин засебен дел е да и обезбедува на јавноста пристап до програми и/или до видеа создадени од корисници кои имаат информативна, образовна или забавна функција, за која давателот на услугата нема уредничка одговорност за содржините, туку тој само го одредува начинот на кој услугата е организирана вклучувајќи тука и автоматски средства или алгоритми, особено преку прикажување, означување или секвенцирање на содржината.

Давател на услугата платформа за споделување видеа е физичко или правно лице што обезбедува услуга платформа за споделување видеа.

### Член 77

Давателот на услуги платформи за споделување видеа кој е под јурисдикција на Република Северна Македонија, е должен пред да започне со вршење на дејноста да достави пријава за евидентирање во Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа кој се води во Агенцијата, за што Агенцијата издава потврда за регистрација.

Доколку пријавата од ставот 1 на овој член не е целосна, Агенцијата писмено го известува подносителот на пријавата истата да ја дополни и да ја достави во рок од 10 дена од денот на приемот на известувањето.

Агенцијата е должна потврдата од ставот 1 на овој член да ја издаде во рок од пет работни дена од денот на приемот на пријавата, односно од денот на истекот на дополнителниот рок од став 2 на овој член, доколку пријавата ги содржи сите потребни податоци.

Давателот на услуги платформи за споделување видеа е должен да ја извести Агенцијата за секоја промена на податоците наведени во пријавата во рок од 30 дена од денот на настанатата промена. Агенцијата е должна да ја внесе промената на податоците во Регистарот во рок од три работни дена од денот на приемот на известувањето.

### Член 78

Давателите на услуга платформа за споделување видеа плаќаат годишен надоместок за надзор на сметка на Агенцијата.

Годишниот надоместок од ставот 1 на овој член изнесува 0,5% од вкупниот годишен приход на давателот на услуга платформа за споделување видеа, остварен со обезбедување на услугата во текот на претходната календарска година, или пократок дел од годината од кога давателот на услугата платформа за споделување видеа почнал да ја обезбедува услугата.

Давателот на услуга платформа за споделување видеа е должен најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход остварен со обезбедувањето на услугата во текот на претходната календарска година.

Давателот на услуга платформа за споделување видеа е должен најдоцна до 15 април во тековната година на сметка на Агенцијата да го плати годишниот надоместок за надзор врз основа на претходно доставениот извештај за износот на вкупниот приход од став 3 на овој член , а по претходно доставено решение и фактура од страна на Агенцијата.

Доколку давателот на услуга платформа за споделување видеа не го плати годишниот надоместок за надзор, Советот го брише од Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа.

## XV.ОНЛАЈН МЕДИУМИ – ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИ

### Член 79

Правно или физичко лице може во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: РСМ) да врши дејност на публикување информативни, образовни и забавни содржини во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат преку профитен и непрофитен онлајн медиум – интернет портал, доколку дејноста ја впише во Централниот регистар на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ЦРРСМ), има седиште и уредништво во РСМ и на свое име има регистрирано македонски .мк или .мкд интернет домен.

По исклучок од став 1 на овој член, издавачите на медиуми евидентирани во Регистарот на радиодифузери како даватели на медиумски услуги за телевизиско емитување согласно со ЗАВМУ, можат да вршат публикување на информативни, образовни и забавни содржини преку онлајн медиум – интернет портал без да ја впишат дејноста во ЦРРСМ, доколку имаат седиште и уредништво во РСМ и на свое име имаат регистрирано македонски .мк или .мкд интернет домен.

### Член 80

Издавачот на онлајн медиумот – интернет портал до Агенцијата доставува пријава за упис во регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали

Во рок од три работни дена од денот на доставувањето на комплетна и уредна пријава од страна на издавачот на онлајн медиум – интернет портал, Агенцијата доставува барање до ЦРРСМ за доставување тековна состојба на издавачот на онлјан медиум – интернет портал и до Агенцијата за вработување за доставување податок за бројот на вработени со полно работно време во издавачот на онлајн медиумот – интернет порталот.

Агенцијата го впишува издавачот на медиум – интернет портал во Регистарот во рок од три дена од денот на комплетирање на документацијата, доколку констатира дека ги исполнува законските услови утврдени во член 5 од ЗМ.

Издавачот на онлајн медиум – интернет портал е должен да ја извести Агенцијата за секоја промена на податоците во рок од седум дена од настанатата промена.

## XVI. НАДЗОР

### Член 81

Агенцијата врши програмски, административен и стручен надзор.

Програмскиот и административниот надзор може да биде: редовен надзор, вонреден надзор и контролен надзор.

Редовниот надзор се врши врз основа на годишна програма за вршење на програмски, односно административен надзор, а кога се работи за програмски надзор и

во согласност со Методологијата за вршење на програмски надзор донесени од страна на Агенцијата.

Вонредниот надзор се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата.

Контролниот надзор се врши по истекот на рокот определен во поединечниот акт донесен од страна на Агенцијата со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по актот во целост, делумно постапил по актот или не постапил по актот.

**Член 82**

Програмскиот надзор (мониторинг) се врши на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од апсект на почитувањето на одредбите од ЗАВМУ, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Програмскиот надзор од ставот 1 на овој член го вршат вработени од организационата единица која за таа цел е формирана во стручната служба на Агенцијата.

За секој извршен програмски надзор се составува писмен извештај кој се доставува до директорот на Агенцијата во рок од 3 (три) дена од денот на извршениот програмски надзор.

Доколку со програмскиот надзор е констатирана повреда или прекршување, писмениот извештај содржи и предлог на мерка согласно со ЗАВМУ и друг закон.

**Член 83**

Административен надзор се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со ЗМ, ЗАВМУ и прописите донесни врз основа на него.

Административниот надзор над работењето на издавачите на печатен медиум исклучиво се однесува само од аспект на усогласеност на нивното работење со обврските утврдени утврдени со членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Административниот надзор од ставот 1 на овој член го вршат вработени во стручната служба на Агенцијата согласно со актот за систематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата.

За секој извршен административен надзор се составува писмен извештај кој се доставува до директорот на Агенцијата во рок од 3 (три) дена од денот на извршениот административен надзор.

Доколку со административниот надзор е констатирана повреда или прекршување писмениот извештај содржи и предлог на мерка согласно со ЗАВМУ и друг закон.

**Член 84**

Стручен надзор над радиодифузерите се врши од страна на лица вработени во стручната служба на Агенцијата, по претходно овластување од Советот на Агенцијата, а само заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволата за телевизиско или радио емитување.

Стручниот надзор од ставот 1 на овој член се врши само во рок од 30 дена од истекот на триесеттиот ден од денот на започнувањето со вршење на дејноста утврден во дозволата за телевизиско или радио емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории.

За овластено лице може да биде назначен вработен во стручната служба на Агенцијата кое има високо образование, со најмалку три години работно искуство во струката.

Агенцијата на овластеното лице му издава службена легитимација која му служи за докажување на неговото службено својство и која е должен да ја покаже при вршењето на надзорот.

Формата и содржината на службената легитимација од ставот 4 на овој член и начинот на издавање и одземање се утврдени со Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање.

## XVII. МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА ПРОПИСИТЕ

### Член 85

Доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ, ЗМ и подзаконските акти донесени врз основа на истите, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, давател на услуга платформа за споделување видеа или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси, Советот на Агенцијата може да ги преземе следниве мерки:

- јавна опомена,
- ќе поведе прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавна опомена не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат, во рок утврден од страна на Советот на Агенцијата, согласно одредбите од ЗАВМУ,
- одземање на дозволата или
- ќе спроведе постапка за бришење од регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги или од регистарот на радиодифузери, согласно одредбите од ЗАВМУ.

За изречените мерки од став 1 алинеи 1 и 4 на овој член, Советот на Агенцијата донесува соодветно решение. За мерката од став 1 алинеја 2, Советот на Агенцијата донесува предлог за поведување на прекршочна постапка. За мерката од став 1 алинеја 3, Советот на Агенцијата донесува Одлука. Против донесените решенија и одлуки е дозволена судска заштита, согласно член 24 од ЗАВМУ.

Пред изрекувањето на јавната опомена, Советот на Агенцијата ќе побара од издавачот на медиумот да се изјасни во писмена форма за стореното непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ, ЗМ и подзаконските акти донесени врз основа на истите, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Пред изрекување на мерките од ставот 1 алинеи 3 и 4 на овој член, Советот на Агенцијата е должен да обезбеди јавна седница на која претставник на медиумот ќе ги образложи и аргументира постапките и причините за постапувањето на медиумот.

По исклучок на одредбата од ставот 1 алинеја 2 на овој член, доколку се утврди непочитување на одредбите од членот 91 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка без претходно да донесе решение за јавна опомена.

Изречените мерки од ставот 1 на овој член со детално образложение, Агенцијата ги доставува писмено до сторителот на прекршокот во рок од три дена, сметано од денот на нивното донесување и истите ги објавува на својата веб страница.

### Член 86

Мерките пропишани во член 85 став 1 алинеи 1 и 2 од овој Деловник, Советот на Агенцијата ги изрекува по следниот редослед:

- јавна опомена, доколку мерката се изрекува за прв пат во тековната година,
- ќе поведе прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавна опомена во тековната година не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат.

Советот на Агенцијата за констатираните прекршувања во тековната година, за кои

веќе биле изречени мерки во претходната година, повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка.

**Член 87**

Одлуките и решенијата донесени во случај на повреда на одредбите од ЗАВМУ, ЗМ, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти на Агенцијата, се конечни.

Против одлуките и решенијата од ставот 1 на овој член може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката или решението.

## XVIII. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТРИТЕ УТВРДЕНИ СО ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ И ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

**Член 88**

Агенцијата согласно одредбите од ЗАВМУ е надлежна да ги води следните регистри:

- регистар на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;
- регистар на радиодифузери,
- регистар на оператори кои реемитуваат програмски пакети и
- регистар на услуги платформи за споделување видеа

Агенцијата согласно одредбите од ЗМ е надлежна да води:

- регистар на издавачи на печатен медиум и
- регистар на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали.

### *XVIII.1 Регистар на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање*

**Член 89**

Регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање содржи:

- фирмата и седиштето, доколку давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање е правно лице, односно името и презимето, доколку давателот на аудиовизуелната медиумска услуга е физичко лице,

- име и презиме на одговорното лице на давателот на аудиовизуелни услуги по барање,

- начинот на кој се обезбедува услугата,

- подрачјето на кое се врши дејноста,

- видот на услугата и краток опис на истата и

- датумот на започнување со обезбедување на услугата, како и секоја извршена промена при обезбедувањето на услугата.

Формата и содржината на регистарот од став 1 на овој член ги пропишува Агенцијата.

Во случај на промена на податоците во регистарот од став 1 на овој член Агенцијата веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето од страна на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање за промена на податоците, ќе ја евидентира промената на податоците во регистарот.

### *XVIII.2 Регистар на радиодифузери*

**Член 90**

Регистарот на радиодифузери во Република Северна Македонија содржи:

- фирма и седиште, како и име и презиме на одговорното лице на радиодифузерот
- име и презиме на одговорниот уредник,
- адреса на уредништво и адреса на одговорниот уредник,
- начин на емитување на програмскиот сервис (радиофреквенција, дигитален терестријален мултиплекс, сателит, или јавна електронска комуникациска мрежа),
- ниво на гледаност/слушаност (државно, регионално или локално),
- подрачје(а) на кое ќе се врши дејноста,
- сервисна зона и локација на техничкото средство за емитување, доколку се работи за радиотерестријално аналогно емитување,
- знак за идентификација и
- програмски концепт.

Формата и содржината на регистарот од став 1 на овој член ги пропишува Агенцијата.

Во случај на промена на податоците во регистарот од став 1 на овој член Агенцијата веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето од страна на радиодифузерот за промена на податоците, ќе ја евидентира промената на податоците во регистарот.

### *XVIII.3 Регистар на оператори кои реемитуваат програмски пакети*

**Член 91**

Регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети содржи:

- назив и адреса на операторот,
- име и презиме на одговорното лице на операторот,
- програмски пакет односно листа на програмски сервиси за кои операторот има регулирано авторски и сродни права за нивно реемитување и
- подрачје на кое операторот ќе ги реемитува програмските сервиси (сервисна зона).

Формата и содржината на регистарот од став 1 на овој член ги пропишува Агенцијата.

Во случај на промена на податоците во регистарот од став 1 на овој член Агенцијата веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето од страна на операторот за промена на податоците, ќе ја евидентира промената на податоците во регистарот.

### *XVIII. 4 Регистар на услуги платформи за споделување видеа*

***Член 92***

Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа ги содржи следните податоци:

- полн назив на правното лице,
- седиште на правното лице,
- одговорно лице,
- податоци за сопственикот,
- назив на платформата за споделување видеа,
- електронска адреса на одговорното и правното лице.

Формата и содржината на регистарот од ставот 1 на овој член го пропишува Агенцијата.

Во случај на промена на податоците во регистарот од став 1 на овој член Агенцијата веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето

од страна на давателот на услуга платформа за споделување видеа за промена на податоците, ќе ја евидентира промената на податоците во регистарот.

### *XVIII.5. Регистар на издавачи на печатен медиум*

**Член 93**

Регистарот на издавачи на печатен медиум содржи:

- фирма и седиште односно назив и адреса на издавачот на печатен медиум,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на печатен медиум и
- името на весникот или на магазинот.

Податоците од ставот 1 на овој член Агенцијата ги добива од Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој е должен во рок од пет дена од денот на извршената регистрација истите, бесплатно да ги достави.

Во случај на промена на податоците во регистарот од став 1 на овој член Агенцијата веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето од страна на издавачот на печатен медиум за промена на податоците, ќе ја евидентира промената на податоците во регистарот.

### *XVIII.6. Регистар на онлајн медиуми – интернет портали*

**Член 94**

Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали се води во електронска форма и содржи податоци за:

- фирма и седиште односно назив и адреса на издавачот на онлајн медиум – интернет портал,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на онлајн медиум – интернет портал,
- името на онлајн медиумот – интернет порталот,
- интернет адреса на онлајн медиумот – интернет порталот и
- регистрантот на македонскиот .мк или .мкд интернет домен.

Формата и содржината на регистарот од ставот 1 на овој член го пропишува Агенцијата.

Во случај на промена на податоците во регистарот од став 1 на овој член Агенцијата веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето од страна на издавачот на онлајн медиум – интернет портал за промена на податоците, ќе ја евидентира промената на податоците во регистарот.

**Член 95**

Агенцијата на својата веб страница ги објавува податоците од регистрите од членовите 89, 90, 91, 92, 93 и 94 на овој Деловник, имајќи ја предвид заштитата на личните податоци.

## XIX.ДРУГИ ОДРЕДБИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА

### *XIX. 1. Општи акти за работењето на Агенцијата*

**Член 96**

Тековното работење на Агенцијата е регулирано со подзаконски акти кои се однесуваат на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата; користењето, управувањето и одржувањето на службените возила на Агенцијата; користењето службени мобилни телефони; формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање; стручното усовршување на вработените во стручната служба на Агенцијата; обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата; средства за

репрезентација; чувањето и бришењето снимки на РА и ТВ програмските сервиси; обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци; издавање копија од снимка на објавена информација во програмата на радиодифузерите; безбедност и здравје при работа; обврските и одговорностите на администраторот на информациониот систем и на овластените лица во Агенцијата; вршење видео надзор; за работниот ред и дисциплинска и материјална одговорност на вработените во Агенцијата; службена облека на вработените и други прашања од значење за тековното работење на Агенцијата.

### XIX. 2. Класифицирани информации

#### Член 97

Информациите кои се однесуваат на: лични податоци чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци; информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката; информација што се однесува на комерцијални и други економски интереси; информација од документ што е во постапка на подготвување и се уште е предмет на усогласување кај имателот на информации, чие откривање би предизвикало погрешно разбирање на содржината и слично, се одбележуваат со ознаката „за ограничена употреба" .

Информацијата која е класифицирана со ознаката „за ограничена употреба" се означува како таква на видно место.

Лицето на кое му е доставена информација/материјал со ознака „за ограничена употреба", не смее да ја открива нивната содржина на други лица се до моментот на декласификација на информацијата/материјалот.

Класификацијата, односно декласификацијата на информацијата ја врши директорот на Агенцијата, согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија кои ја уредуваат оваа материја, за што го информира Советот на Агенцијата.

Со декласификацијата се врши промена од класифицирана информација во информација до која се има слободен пристап и за тоа се известуваат корисниците на информацијата.

### XIX. *3 Работни тела*

#### Член 98

За разгледување и утврдување на ставови по прашања од надлежност на Агенцијата, за давање мислења и за подготвување предлози за решавање на одделни прашања, Агенцијата може со одлука да образува работни тела (комисии, групи, тимови и слично).

Работните тела на Агенцијата може да се образуваат како постојани или повремени.

Со актот за образување на работно тело од ставот 1 на овој член, Агенцијата ги определува нивните задачи, начинот на работа и составот.

#### Член 99

За подготвување на одделни стручни материјали, Советот на Агенцијата односно директорот на Агенцијата може да ангажираат стручни лица-експерти од одделни области.

### *XIX. 4 Соработка*

**Член 100**

Агенцијата во својата работа треба да ги има предвид директивите на Европската унија, актите на Советот на Европа, меѓународните конвенции кои ги ратификувала Република Северна Македонија, како и искуството на земјите - членки на Европската унија.

**Член 101**

Агенцијата е должна да соработува, дава мислења, предлози и разменува податоци со Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државната комисија за спречување на корупција, Агенцијата за заштита на лични податоци, Државната изборна комисија, Централниот регистар на Република Северна Македонија, телото надлежно за заштита на авторските и сродните права и други државни тела, органи на државната управа, јавни претпријатија, единици на локалната самоуправа, јавни установи и институции од Република Северна Македонија.

При размена на податоците Агенцијата е должна да ја обезбеди доверливоста на истите, согласно со закон.

**Член 102**

Агенцијата е должна да соработува и разменува информации со Државниот пазарен инспекторат, телото надлежно за заштита на авторските и сродните права и други надлежни органи и тела со цел да се обезбеди правна заштита на услугите кои се засноваат на или опфаќаат условен пристап, како и во спречувањето на можноста за употреба на недозволени направи кои овозможуваат пристап до услугите со условен пристап согласно со закон.

**Член 103**

Агенцијата согласно со своите надлежности, а во насока на спроведување на одредбите од ЗАВМУ, соработува со регулаторните тела од други држави и меѓународни институции и тела.

**Член 104**

Агенцијата може да склучува меморандуми за соработка со органите, телата и институциите од член 99 на овој Деловник, со кои меморандуми подетално ќе се уредат соработката, како и начинот и постапката за размена на податоците и информациите што им се потребни за вршење на своите надлежности.

### *XIX.5 Стручна служба на Агенцијата*

**Член 105**

Агенцијата има стручна служба која ги врши стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, материјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Агенцијата.

Внатрешната организација, делокругот на работа и условите за вработување во стручната служба на Агенцијата поблиску се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите, согласно со Законот за работните односи.

Во состав на стручната служба на Агенцијата задолжително постои организациона единица за вршење на програмски надзор (мониторинг) на програмите кои се емитуваат од страна на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и програмските пакети на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси од аспект на почитувањето на одредбите на

овој закон, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата, дозволите и издадените потврди за регистрација, во согласност со годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење на програмски надзор што ја утврдува Агенцијата со подзаконски акт.

**Член 106**

Стручната служба ги извршува работите од својата надлежност самостојно и непристрасно, придружувајќи се кон постапките утврдени со ЗАВМУ, прописите донесени врз основа на него и интерните акти на Агенцијата.

Вработените во Стручната служба, работните задачи ги извршуваат согласно актите за внатрешна организација и систематизација во кои се уредени начинот на работа, надлежностите и раководењето со организационите облици.

Делегирањето на работните задачи, го вршат директорот на Агенцијата/непосредните раководители, и тоа:

- директорот на Агенцијата – на раководителите на сектори/раководител на служба;
- раководителите на сектор – на раководителите на одделение, и
- раководителите на одделение – на вишите соработници, соработниците, помладите соработници, вишите референти, референти, домар, работник во кујна, возач – доставувач, работник на пријавница.

Вработен во стручната служба е должен да одбие налог да постапи спротивно на одредбите од ЗАВМУ, прописите донесени врз основа на него, како и другите акти на Агенцијата дури и кога таквиот налог доаѓа од претпоставен и за тоа да го извести директорот, претседателот и другите членови на Советот.

**Член 107**

Однесувањето на вработените во стручната служба на Агенцијата при вршењето на надлежностите утврдени со ЗАВМУ, прописите донесени врз основа на него и другите акти на Агенцијата поблиску се уредуваат со Кодекс за однесување на вработените во стручната служба кој го донесува Агенцијата и го објавува на нејзината веб страница.

## XX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 108**

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата и на веб страната на Агенцијата.

Со влегувањето во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 г. и Деловникот бр.01-2949/1 од 30.05.2019 г., за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медимуски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**